Предлог

Врз основа на член 22 став (1) точка 3 и член 36 став (1) точка 1, а во врска со член 50 став (1) точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 45 став (1) од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес бр. 12/06, 3/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), Советот на општина Велес, на седницата одржана на _.11.2023 година, донесе

# П Р О Г Р А М А
## за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2024 година

I. Општините во своја надлежност вршат работи од локалниот економски развој - планирање на локалниот економски развој, утврдување на развојните и структурните приоритети, водење на локална економска политика, поддршка на развојот на малите и средните претпријатија и на претприемништвото на локално ниво и во тој контекст, учество во воспоставувањето и развојот на локалната мрежа на институции и агенции и промовирање на партнерство согласно Законот за локалната самоуправа.

II. Основна цел на Програмата е да се даде придонес на локалниот економски развој преку реализација на планираните активности, со кои би се создале услови за одржлив локален развој како и поквалитетен начин на живот на граѓаните од подрачјето на општина Велес. Програмата е заснована врз потребите и приоритетите на нашите граѓаните кои се нотирани во Стратегијата за локален економски развој 2021-2025, Програма за енергетска ефикасност, План за одржлива урбана мобилност, Стратегија за развој на паметен град и др., изготвени на партиципативен начин/модел со учество на сите засегнати страни, особено со непосредно учество на граѓаните во процесот на планирање, креирање и одлучување (форумски процес), како и во соработка со месните и урбаните заедници, бизнис заедницата, невладините организации и други асоцијации.

III. Одделението за евроинтеграции и локалниот економски развој е одговорно за реализација на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој, во која предложените активности ги насочува кон остварување на усвоените стратешки документи на општината, преку следните приоритети и цели:

- Континуиран развој на капацитетите на општина Велес за привлекување инвестиции, намалување на невработеноста преку развој и реализација на проекти, како и промоција на општината;
- Активна имплементација на добиените и аплицирање на нови проекти од домашни и меѓународни фондови;
- Следење и имплементација на стратегиите за развој на Општина Велес;
- Динамичен локален економски развој преку континуирано зајакнување на капацитетите за привлекување инвестиции и овозможување добра бизнис клима за развој на јавните приватни партнерства;
- Искористување на расположиви домашни и меѓународни фондови;

- Континуирано подобрување на енергетската ефикасност;
- Зајакнување на административните капацитети за стандарди, обуки и тренинзи за имплементација на проекти и
- Зајакнување на капацитетите за бизнис и туристичка промоција на општината на домашен и меѓународен план.

Програмата може да се изменува и да се дополнува според утврдени приоритети и цели.

IV. Табеларен приказ на активности и финансиски средства од програмата

| | ПРОГРАМА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ И ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ЗА 2024 ГОДИНА | | | |
|---|---|---|---|---|
| рб | Активност | Буџет на Општина Велес | Надворешни фондови | Вкупно |
| 1. | Проект Паметни решенија за Велес ЕУ ИПА Програма ЕУ за општините (Уредување на централно градско подрачје) | 2.803.194,00 | 35.995.317,00 | 38.798.141,00 |
| 2. | Мерки за енергетска ефикасност - Субвенционирање на сончеви колектори | 500.000,00 | 0,00 | 500.000,00 |
| 3. | Поддршка на Центарот за развој на ВПР | 700.000,00 | 0,00 | 700.000,00 |
| 4. | Европска недела на мобилност | 60.000,00 | 0,00 | 60.000,00 |
| 5. | Проект финансиран преку програмата РомАктед 2, | 0,00 | 915.000,00 | 915.000,00 |
| 6. | Поддршка на ЛАГ | 12.000,00 | 0,00 | 12.000,00 |
| 7. | Одвод на урбани отпадни води во населба Речани – крак 2 и крак 4 | 857.935,00 | 5.000.000,00 | 5.857.935,00 |
| 8. | Партерно уредување на просторот околу Спомен костурница | 5.898.330,00 | 7.048.842,00 | 12.947.172,00 |
| 9. | Реконструкација и партнерно уредување на парк, ул. Андон Шурков, партер помеѓу колективни згради | 4.536.594,00 | 5.025.795,00 | 9.562.389,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 10. | Подготовка на техничка документација за изградба на велосеипедски и пешачки патеки | 814.332,00 | 3.877.772,00 | 4.692.104,00 |
| 11. | Изградба на детско игралиште во с.Иванковци и с.Отовица | 2.882.007,00 | 1.958.775,00 | 4.840.782,00 |
| 12 | Биро за регионален развој (Партерно уредување и поставување на урбана опрема на детско игралиште во село Сојаклари) | 250.000,00 | 605.975,00 | 855.975,00 |
| 13 | Биро за регионален развој (Реконструкција на спортско игралиште - населба Тунел) | 0,00 | 3.386.949,00 | 3.386.949,00 |
| | **Вкупно** | **19.314.392,00** | **63.814.425,00** | **83.128.447,00** |

V. Активностите на Општина Велес од областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој утврдени со оваа Програма, ќе се финансираат од средства од Буџетот на Општина Велес за 2024 година, средства од Буџетот на Република Северна Македонија, странски и домашни донатори, фондови и донации.

**VI.** Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес“, а ќе се применува од 01.01.2024 година.

Претседател,
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р

Образложение

Во точката со реден број 1, за активност „Проект Паметни решенија за Велес ЕУ ИПА Програма ЕУ за општините (Уредување на централно градско подрачје)“ во рамки на програмата EU for municipalities, аплициран и одобрен е проектот Паметни решенија за Велес ЕУ ИПА Програма ЕУ за општините (Уредување на централно градско подрачје) кој отпочна со реализација во 2022 година и се планира да заврши до 14.01.2025 година. Преостанати средства за кофинансирање на овој проект, од буџетот на општината се во износ од 2.803.194,00 денари.

Во точката со реден број 2, за активност „Мерки за енергетска ефикасност - Субвенционирање на сончеви колектори“, планирани се средства за субвенционирање на сончеви колектори, со цел заштита на животната средина и енергетската ефикасност. Во буџетот на општината за оваа активност планирани се средства во висина до 500.000,00 денари.

Во точката со реден број 3, за активност „Поддршка на Центарот за развој на ВПР“ планирани се средства за менаџирањето во рамки на проектите кои се реализираат преку Центарот за развој на Вардарскиот плански регион. Планирани се средства во износ од 700.000,00 денари.

Во точката со реден број 4, за активност „Европска недела на мобилност“ во буџетот на општината се планираат за организација на Европската недела на мобилност во 2024 година. Средствата се однесуваат на обезбедување на озвучување, промотивни материјали, исплата на волонтери, вода, бои и лакови и паркинзи за велосипеди, во износ до 60.000,00 денари.

Во точката со реден број 5, за активност „Проект финансиран преку програмата РомАктед 2,“ аплициран и одобрен е проектот „Реконструкција на фекална канализација и пристапна патека на улица „Јордан Џурнов“ во општина Велес“ финансиран од Совет на Европа/ЕУ и Институт за истражување и анализа на политики РОМАЛИТИКО Скопје. Проектот со поднесувањето на финален и наративен извештај завршува во март 2024 година, по што ќе следи исплата на преостанатиот дел во износ од 15% од доделениот грант.

Во точката со реден број 6, за активност „Поддршка за ЛАГ“ во буџетот на општината планирани се за поддршка на Локалната акциска група за рурален развој, средства во износ од 12.000,00 денари.

Во точка со реден број 7, за активност „Одвод на урбани отпадни води во населба Речани – крак 2 и крак 4“, аплициран и одобрен е проект чија што реализација продолжува во 2024 година, со планирани средства за кофинансирање на проектот во износ до 857.935,00 денари од буџетот на општината.

Во точката со реден број 8, за активност „Партерно уредување на просторот околу Спомен костурница“, општината аплицираше со проектот преку Центарот за развој на Вардарскиот плански регион во рамки на Програмата за рамномерен регионален развој за 2023 година со индикативно планирани средства за 2024 година. Општина Велес ќе учествува со сопствени средства од буџетот на општината, за кофинасирање на проектот во износ од 5.898.330,00 денари.

Во точката со реден број 9, за активност „Реконструкција и партерно уредување на парк, на ул. Андон Шурков, партер помеѓу колективни станбени згради“, општината аплицираше со проектот за обезбедување на финансиски средства од Програма за рамномерен регионален развој за 2023 година со индикативно планирани средства за 2024 година преку Бирото за регионален развој. Општина Велес ќе учествува со сопствени средства од Буџетот на

општината за кофинансирање на проектот во максимален износ до 4.536.594,00 денари.

Во точката со реден број 10, за активност „Изработка на техничка документација за изградба на велосипетска и пешачка инфраструктура“ апплициран и одобрен проект со кој општината аплицираше на Повикот за финансирање на техничка документација за инфраструктурни проекти на Фондот за техничка документација, со поддршка на проектот на УНДП „Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти“ финансиран од страна на Шведската агенција за меѓународна соработка (Сида) и во партнерство со Бирото за регионален развој – Министерство за локална самоуправа. Општина Велес ќе учествува со сопствени средства во износ од 814.332,00 денари, планирани во буџетот на општината за 2024 година.

Во точката со реден број 11, за активност „Изградба на детско игралиште во с.Иванковци и с.Отовица“, општината аплицираше со проектот за обезбедување на финансиски средства од Програма за рамномерен регионален развој за 2023 година со индикативно планирани средства за 2024 година преку Бирото за регионален развој. Општина Велес ќе учествува со сопствени средства од буџетот на општината, за кофинансирање на проектот во износ од 2.882.007,00 денари.

Во точката со реден број 12, за активност „Биро за регионален развој (Партерно уредување и поставување на урбана опрема на детско игралиште во село Сојаклари)“ општината аплицираше со проектот за обезбедување на финансиски средства од Бирото за регионален развој во рамки на јавниот повик за прибирање на предлог проекти за развој на урбаните подрачја и одржлив урбан развој, развој на подрачјата со специфични развојно потреби и за развој на селата во 2022 година. Реализацијата на проектот ќе продолжи и во 2024 година со планирани средства во износ од 250.000,00 денари од буџетот на општината, до неговата целосна реализација.

Во точката со реден број 13, за активност „Биро за регионален развој (Реконструкција на спортско игралиште - населба Тунел)“, општината аплицираше со проектот за обезбедување на финансиски средства од Бирото за регионален развој во рамки на јавниот повик за прибирање на предлог проекти за развој на урбаните подрачја и одржлив урбан развој, развој на подрачјата со специфични развојно потреби и за развој на селата во 2022 година. Реализацијата на проектот ќе продолжи во 2024 година до неговата целосна реализација.